ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 19/23



27.12.2023 година

# Р Е Ф Е Р А Т

**за избор на наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научна област „ЕТИКА" (60503 - Фраскатиева класификација) на Факултетот за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје**

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер" на ден 07.09.2023 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научна област: „Етика" (60503 – Фраскатиева класификација), наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје, на 329-та седница одржана на ден 29.09.2023 година, донесе Одлука бр.02-797/1 за формирање Рецензентска комисија во состав:

1. Д-р Кирил Темков, редовен професор – претседател;
2. Д-р Олга Пешевска Заревска, редовен професор – член;
3. Д-р Јован Лозановски, вонреден професор – член.

По направената анализа на доставените документи Рецензентската комисија има чест и задоволство до наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки во состав на Европски Универзитет Скопје да го поднесе следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научна област:„Етика" (60503 – Фраскатиева класификација) на Факултетот за економски науки, во предвидениот рок се пријави кандидат доц. д-р Зоран Крстевски.

Врз основа на доставената Пријава бр.03-688/1 од 07.09.2023 година и приложените документи: Диплома за завршен степен доктор на науки; Доказ за претходен избор во наставно-научно звање Доцент; Биографски податоци; Список на објавените трудови и по еден примерок од истите; Уверенија за завршени додипломски и постдипломски студии и Уверение за државјанство, Рецензионата комисија го констатира следното:

### *1. <u>Биографски податоци, образование и професионално усовршување</u>*

Доц. д-р Зоран Крстевски е роден на 17.08.1969 година во Скопје, каде што го оформува основното образование, завршува средно училиште и Филозофски факултет.

На 07.03.2008 година го одбрани својот магистерски труд: „Филозофските идеи за судбината" и се стекна со научно звање: Магистер на филозофски науки. На 30.06.2010 година ја одбрани и докторската дисертација, под наслов: „Етичка мудрост", со што се здоби со научно звање: **Доктор на филозофски науки.** Просечниот успех на I (првиот)

циклус на студии од 9,41 и II (вториот) циклус на студии од 10,00 укажува на исполнетост на законските услови во поглед на просекот на кандидатот.

***2. Публикувани и рецензирани научни трудови во меѓународни научни публикации во последните 5 години пред објавување на огласот за избор:***

1) **„ИНДИСКА МУДРОСТ И ЕТИКА“** UDC: 233-428. International Journal of Science and Art „Idea“, No.13, European University-RM, Skopje, Macedonia, 2023, стр. 209-217.
2) **„ИНДИВИДУАЛНА И КОЛЕКТИВНА ОДРЖЛИВОСТ ВО ПЕРИОД НА КРИЗА“** UDC: 17. International Journal of Science and Art „Idea“, No.12, European University-RM, Skopje, Macedonia, 2022, стр. 151-159.
3) **„ЧОВЕКОТ ПОМЕЃУ ДОБРОТО И ЗЛОТО“***UDC: 111.84:17.022.1* International Journal of Science and Art „Idea“, No.11, European University-RM, Skopje, Macedonia, 2022, стр. 183-192.
4) **„ПРОДУЦИРАЊЕ СТРАВ И ЛАЖНИ ВЕСТИ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА“***UDC:* 159.942]:616.98:578.834}-036.21(100) International Journal of Science and Art „Idea“, No.10, European University-RM, Skopje, Macedonia, 2021, стр. 13-20. (коавторски труд).
5) **„УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА“** *UDC:* 005.332.3.01]:616.98:578.834}-036.21 International Journal of Science and Art „Idea“, No.9, European University-RM, Skopje, Macedonia, 2021, стр. 21-28.
6) **„ЕТИЧКИТЕ АСПЕКТИ НА РАБОТЕЊЕТО И УСПЕШНОСТА НА КОМПАНИИТЕ“** *UDC: 005.336:334.72]:331.101.262:174* International Journal of Science and Art „Idea“, No.8, European University-RM, Skopje, Macedonia, 2020, стр. 9-16. (коавторски труд).
7) **„ИНОВАЦИИТЕ - ДВИГАТЕЛИ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО“** *UDC: 334.722:001.895].01* International Journal of Science and Art „Idea“, No.7, European University-RM, Skopje, Macedonia, 2020, стр. 9-16. (коавторски труд).
8) **„Индивидуална и колективна инклузија во општеството“** VI Меѓународна научна конференција: „Новите парадигми на инклузивното општество“, ЕУРМ, 2019, (коавторски труд). *UDC:* 316.37:316.344.5 International Journal of Science and Art „Idea“, No.6, European University-RM, Skopje, Macedonia, 2019, стр.19-22.
9) **„Социјалната инклузија на младите преку пазарот на труд“,**VI Меѓународна научна конференција: „Новите парадигми на инклузивното општество“, ЕУРМ, 2019,

(коавторски труд). *UDC:* 364.652-053.6:331.5(497.7) International Journal of Science and Art „Idea“, No.6, European University-RM, Skopje, Macedonia, 2019, стр.9-16.

10) **„Иновативните вредности на етичкото образование“**, ISBN 978-608-4574-87-3, Монографија: „Улогата на иновациите како развоен двигател“, ЕУРМ, Скопје, 2019, стр.124-131.

11) **„Морал и Етика“**, UDC: 17.0 International Journal of Science and Art „Idea“, No.5, European University-RM, Skopje, Macedonia, 2019, стр.263-270.

*3. Кандидатот има __објавено книги,__ рецензирани од научници и професионални колеги:*

**1. Судбината и етиката;**

**2. Астролошки патоказ;**

**3. Етичка мудрост на народите од Југоисточна Европа;**

**4. Изгрејсонце на љубовта;**

**5. Моќта на умот, моќта на срцето;**

**6. Заштита од злото и негативните вибрации;**

**7. Љубовни патокази;**

**8. Исцелување на душата;**

**9. Излез од криза;**

**10. Индиска мудрост и етика – Патот на кармата.**

***4. Учества и гостувања на симпозиуми, дебати, работилници, ТВ емисии***

Кандидатот има учествувано на голем број симпозиуми, научни дебати, работилници, ТВ и радио емисии и објавувано текстови во колумни за најразлични прашања од областа на Етиката.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот доц. д-р Зоран Крстевски се истакнува со оригиналноста на проучуваната проблематика, со темелниот научен пристап и со широчината на мислата, со што е автентичен толкувач на Етиката како современа наука. Во своите книги се застапува и за традицијата и за современоста на етичките идеи, за кои е единствен проучувач. Неговите книги за смислата на човечката судбина, за етичките идеи кај балканските народи и за индиската етичка мудрост се ремек – дела на еден врвен автор и исклучителен филозоф. Доц. д-р Зоран Крстевски ја познава целата Етика, а посебно нејзините економски и менаџерски области, како и прашањата на индивидуалната етика, на медицинската етика и на биоетиката.

Од претходно изложената анализа на биографијата и прегледот на изработените и публикувани трудови и сознанија, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки да го избере доц. д-р Зоран Крстевски во наставно-научно звање **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** за наставно – научна област: **„ЕТИКА"** на Факултетот за економски науки во состав на Европски Универзитет Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. **Д-р Кирил Темков, редовен професор – претседател**

К. Темков

_______________________________

2. **Д-р Олга Пешевска Заревска, редовен професор - член**

_______________________________

3. **Д-р Јован Лозановски, вонреден професор - член**

_______________________________